**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“**

**ВО СКОПЈЕ**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА НАСТАВА**

# Анализа

**за запишувањето студенти на прв циклус на студии**

**во академската 2023/2024 година**

**Скопје, декември 2023 година**

# 1. Вовед

Конкурсот за запишување на новата генерација студенти на прв циклус студии во академската 2023/2024 година беше изготвен врз основа на предлозите на факултетите, носители и организатори на студиските програми. На 278. седница на Ректорската управа од 21 февруари 2023 година е донесена Одлука за утврдување и објавување на Конкурсот.

Според Конкурсот, беше предвидено запишување нови студенти на 198 студиски програми. Според воспоставената практика и со оглед на видот, карактерот и спецификите, на одделни студиски програми не се предвидува прием на нови студенти секоја академска година.

По донесувањето на Одлуката на Владата на РСМ за бројот на студенти, а почитувајќи ги законски утврдените рокови и со цел навремено информирање на кандидатите, Конкурсот за запишување студенти на прв циклус студии во академската 2023/2024 година беше објавен на 4 јули 2023 година во дневниот весник „Нова Македонија“ и на интернет-страницата на УКИМ, со квотите утврдени во Одлуката на Владата на РСМ.

Во оваа академска година, беше предвидено да се запишат вкупно **10473** студенти, од кои **5074** во квотата за редовни студенти кои се финансираат од буџетот на РСМ, **4439** во квотата со кофинансирање и **960** вонредни студенти.

За реализација на запишувањето нови студенти на прв циклус студии, формирани се Универзитетска конкурсна комисија и конкурсни комисии на факултетите на УКИМ. Со цел единствен пристап при запишувањето студенти е донесено Упатството за реализација на Конкурсот.

Во насока на стимулирање на квалитетот и подобрување на студентскиот стандард, Сенатот на универзитетот, на 33. Седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе одлука и во наредната 2023/2024 академска година, да се доделат 240 студентски стипендии за упис во прва година. Добитници на стипендиите се студентите кои се првите 10 од секој факултет на конечните ранг-листи на примени кандидати, во категоријата редовни студенти во академската 2023/2024 година. Стипендијата опфаќа покривање на трошоците за партиципација на студирањето во државна квота за една академска година.

И во академската 2023/2024 година се реализираше електронско пријавување на кандидатите, така што заинтересираните кандидати имаа можност да пополнат електронска пријава уште пред роковите утврдени во Конкурсот. Во рамките на iKnow-системот, пред пријавувањето во роковите утврдени со Конкурсот за запишување на прв циклус студии, секој заинтересиран кандидат можеше да се најави на www.upisi.ukim.mk и да пополни електронска пријава.

Начинот на селекција на кандидатите се вршеше во зависност од видот на студиските програми за кои тие конкурираат, и тоа: студиски програми каде селекцијата на кандидатите се вршеше врз основа на успехот од средното образование и студиски програми со посебни специфичности, каде селекцијата ќе се врши врз основа на успехот од средното образование и со проверка на знаењата и умеењата на кандидатите.

# 2. Право на запишување согласно конкурсните услови

Право на запишување на прв циклус академски студии, на академски студии од областа на уметностите и на прв циклус стручни студии имаат кандидати кои положиле државна или меѓународна матура.

Во академската 2023/2024 година на прв циклус академски и стручни студии, како и на академски студии од областа на уметностите, право на запишување имаат и кандидати кои се стекнале со диплома за

завршено средно образование во траење од четири години во академската 2019/2020 година, согласно со Уредбата со законска сила за примена на Законот за средното образование за време на вонредна состојба.

Право на запишување на прв циклус студии имаат и кандидати со завршено четиригодишно средно образование според прописите кои важеле пред воведувањето на државната матура (пред академската 2007/2008 година).

Кандидатите кои завршиле средно образование во приватните средни училишта во РСМ, каде што се полага државна матура, се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во РСМ.

Кандидатите кои целокупното или дел од средното образование го завршиле во странство имаа можност да се запишат под истите услови и критериуми како и кандидатите со завршено средно образование во РСМ.

## 3. Интерес за студирање на УКИМ

Со цел планирање на квотите за наредната академска година, за Универзитетот е од особено значење да го согледа интересот за студирање на идните академски граѓани. За таа цел се прави компаративна анализа на 3 параметри: вкупен број на матуранти, т.е. големина на генерацијата, слободни места за запишување според конкурсот, т.е. вкупна квота и процентниот сооднос на бројот на пријавени кандидати во прviот уписен рок во однос на вкупниот број матуранти, т.е податок кој директно ја отсликува желбата на кандидатите за запишување на УКИМ. Анализата е направена за последните шест академски години.

### 3.1. Број на матуранти во однос на квотите по конкурсите

| Академска година | Вкупен број на матуранти | Вкупна квота | Однос на бројот на матурантите со квотата за запишување (%) |
|---|---|---|---|
| 2018-2019 | 15256 | 11661 | 76,44 |
| 2019-2020 | 15553 | 10710 | 68,86 |
| 2020-2021 | 14680 | 10798 | 73,56 |
| 2021-2022 | 15294 | 10678 | 69,81 |
| 2022-2023 | 15899 | 10918 | 68,67 |
| 2023-2024 | 15620 | 10473 | 67,05 |




Од табелата може да се согледа дека Владата на РСМ во академската 2023/2024 година планирала 67,05% од вкупниот број матуранти да се запишат на УКИМ. Откако во 2020/2021 година, овој однос бележи раст од скоро 5%, а следната година опаѓа за 3.5%, следните две академски години, овooј соодноc бележи благ пад од околу 1%, при што во 2023/2024 година, падот изнесува 1,62% во однос на претходната академска година.

## 3.2. Вкупна квота за запишување во однос на интересот на кандидатите

Како показател што укажува за интересот на кандидатите за запишување на УКИМ се смета бројот на пријавени кандидати во првиот уписен рок. Од податоците во табелата може да се заклучи дека вкупната квота планирана за запишување на УКИМ е двојно поголема од интересот на матурантите од соодветната генерација за студирање на УКИМ.

Исто така од податоците во табелата може да се забележи дека по намалувањето на бројот на пријавени во првиот рок од речиси 9% во 2020/2021 година, интересот определен според процентот на пријавени во првиот уписен рок во 2021/2022 година, повторно се зголемува на 50,17%. Во 2022/2023 година бројот на пријавени во првиот уписен рок бележи незначителен пад и изнесува 48,97%, за во учебната 2023/2024 година повторно да забележи поголем пад од 4,49%.

| **Академска година** | **Вкупна квота** | **Пријавени во прв рок (интерес)** | **Пријавени во прв рок (интерес) (%)** |
|---|---|---|---|
| 2018-2019 | 11661 | 5769 | 49,47 |
| 2019-2020 | 10710 | 5626 | 52,53 |
| 2020-2021 | 10798 | 4469 | 41,39 |
| 2021-2022 | 10678 | 5358 | 50,17 |
| 2022-2023 | 10918 | 5347 | 48,97 |
| 2023-2024 | 10473 | 4658 | 44,48 |




### 3.3. Број на матуранти во однос на интересот на кандидатите

| Академска година | Вкупен број на матуранти | Пријавени во прв рок (интерес) | Пријавени во прв рок (интерес) (%) |
|---|---|---|---|
| 2018-2019 | 15256 | 5769 | 37,81 |
| 2019-2020 | 15553 | 5626 | 36,17 |
| 2020-2021 | 14680 | 4469 | 30,44 |
| 2021-2022 | 15294 | 5358 | 35,03 |
| 2022-2023 | 15899 | 5347 | 33,63 |
| 2023-2024 | 15620 | 4658 | 29,82 |

Оваа табела го претставува соодносот на кандидатите заинтересирани за студирање на УКИМ во однос на целата генерација матуранти. Интересот за студирање претставен преку овие два критериуми покажува дека процентот на матуранти кои сакале да се запишат на УКИМ претходните учебни години, кој се движеше меѓу 36 и 37%, се намалил во академската 2020/2021 на 30,44%, но бележи зголемување од околу 5% во академската 2021/2022 година, приближувајќи се на вредностите од претходните учебни години и изнесува 35,03%. Во академската 2022/2023 година интересот за студирање претставен преку овие два критериума, повторно бележи благо намалување од околу 1% и изнесува 33,63%, за во учебната 2023/2024 година повторно да забележи пад од речиси 4% и во 2023/2024 година да достигне процентуална вредност од 29,82%, што во споредба со учебната 2018/2019 година претставува цели 8% пад.



# 4. Пријавени кандидати

Оваа учебна година, кандидатите најпрво имаа можност да пополнат електронска пријава уште пред роковите утврдени во Конкурсот, а потоа, во термините за пријавување, потребната документација ја доставуваа во Службите за студентски прашања.

За да се согледа интересот на кандидатите за пооделни студиски групи, во понатамошната анализа е даден соодносот помеѓу бројот на пријавените кандидати во првиот уписен рок, т.е интересот за студирање на пооделна студиска програма, што изнеусва 4658 **кандидати** и бројот на редовни студенти кои се финансираат од Буџетот на РСМ, како категорија на студенти кон која кандидатите се стремат да бидат запишани, што изнесува **5074 студенти.**

Податоците покажуваат дека во првиот уписен рок во академската 2023/2024 година **за едно место во квотата редовни со партиципација конкурирале 0,918 кандидати**. Овој соодnos е во пад од 0,09 % во однос на претходната академска година.

| **Академска година** | **Државна квота** | **Пријавени во прв рок (интерес)** | **Пријавени за едно место** |
|---|---|---|---|
| 2017-2018 | 5865 | 6071 | 1,04 |
| 2018-2019 | 5913 | 5769 | 0,98 |
| 2019-2020 | 5402 | 5626 | 1,04 |
| 2020-2021 | 5300 | 4469 | 0,84 |
| 2021-2022 | 5247 | 5358 | 1,02 |
| 2022-2023 | 5306 | 5347 | 1,01 |
| 2023-2024 | 5074 | 4658 | 0,92 |

## 4.1.Студиски програми со голем интерес

Последниве неколку академски години, како студиски програми за кои има поголем интерес се истакнуваат: општа медицина (297 запишани студенти), примена на информациски технологии (291 запишан студент), софтверско инженерство и информациски системи (287 запишани студенти), софтверско инженерство и информациски системи (284 запишани студенти), правни студии (223 запишани студенти), психологија (97 запишани студенти) и англиски јазик и книжевност (95 запишани студенти).




## 4.2. Студиски програми со намален интерес

Последниве три академски години, како студиски програми за кои има намален интерес се истакнуваат: производно инженерство, сметководство и ревизија, финансиски менаџмент, безбедност, одбрана и мир, приватна и корпоративна безбедност, актерска игра и македонски јазик.

Од табелата може да се забележи дека интересот за упис на наведените студиски програми има значителен пораст во учебната 2021/2022 година, споредено со претходната учебна година, додека во учебната 2022/2023 година повторно има значителен пад, приближувајќи се до бројките кои го покажуваат интересот во 2020/2021 година. Во учебната 2023/2024 година, значителен пораст во зголемувањето на интересот за упис од над 100% има кај студиските програми: актерска игра и македонски јазик и книжевност. Пад во интересот се забележува кај студиските програми: сметководство и ревизија и приватна и корпоративна безбедност, додека останатите студиски програми се со незначителен пад, односно пораст во интересот.



### 4.3. Студиски програми за кои нема интерес

За жал, некои студиски програми не будат интерес кај кандидатите како прв избор за студирање. Веќе неколку години се повторува на некои студиски програми да нема пријавено кандидат во првиот уписен рок.

Оваа академска година во првиот уписен рок не се пријави ниту еден кандидат на: применета мактематика, геофизика и метеорологија, географија, модул: географски информациски системи и модул: демографија, етнологија и антропологија, менаџмент и заштита на културното наследство, хидраулично енергетско инженерство, мир, двопредметна студиска програма по француски јазик и книжевност со романски јазик и книжевност – филолошка насока и романски јазик и книжевност - преведувачка насока, преведување и толкување: француски и германски и германски и француски, предучилишно воспитание за воспитувачи на групи на турски јазик, општа медицина на англиски јазик, дентална медицина на англиски јазик, ветеринарна медицина на англиски јазик, оркестарско диригирање, музикологија, етномузикологија, обоа, фагот, труба, хорна, виола и популарни жанрови – соло пеење.

## 5. Запишани студенти

По завршување на трите уписни рокови, на факултетите на УКИМ, во сите категории, во академската 2023/2024 година, од вкупно пријавени 5217 кандидати, од кои: 5162 кандидати се државјани на РСМ, а 62 кандидат со завршено средно образование во странство, од кои 27 се странски државјани и 7 се државјани на РСМ со завршено средно образование во странство и 28 владини стипендисти, во академската 2023/2024 година, запишани се вкупно 4799 , за разлика од минатата година кога оваа бројка изнесуваше 5092.

| Академска година | Редовни финансирани од буџетот на РСМ | Редовни со школарина | Вонредни | Лица запишани во посебни квоти | Факултетско образование | Националност | Безбедносни сили | Еден родител државна | Еден родител кофинансирање | Со целокупно образование во странство | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2017-2018 | 4371 | 1506 | 380 | 52 | 38 | 50 | 12 | 88 | 31 | 7 | 6535 |
| 2018-2019 | 3794 | 1345 | 332 | 58 | 36 | 29 | 15 | 105 | 43 | 17 | 5774 |
| 2019-2020 | 3563 | 1673 | 223 | 34 | | 109 | | | | 12 | 5614 |
| 2020-2021 | 2946 | 1295 | 244 | 43 | | 128 | | | | 6 | 4662 |
| 2021-2022 | 3534 | 1653 | 254 | 75 | | | | | | 7 | 5523 |
| 2022-2023 | 2938 | 1755 | 253 | 2 | 2 | 2 | 86 | 5 | 3 | 46 | 5092 |
| 2023-2024 | **2.797** | **1.655** | **229** | **8** | **0** | **8** | **39** | **2** | **0** | 62 | **4.799** |

Прикажани по категории, годинашните бројки се следниве:

- 2797 редовни студенти кои се финансираат со буџетот на РСМ;
- 1655 редовни студенти со школарина;
- 229 вонредни студенти;
- 56 студенти запишани надвор од квота;
- 27 странски студенти;
- 7 државјани на РСМ со завршено средно образование во странство;
- 28 студенти, владини стипендисти.

### 5.1. Студенти, државјани на РСМ

По завршување на трите уписни рокови, на факултетите на УКИМ, во сите категории, во академската 2022/2023 година, запишани се 4799 студенти државјани на РСМ во следните категории:

- 2797 редовни студенти кои се финансираат со буџетот на РСМ;
- 1655 редовни студенти со школарина;
- 229 вонредни студенти;
- 56 студенти запишани надвор од квота;
- 27 странски студенти;
- 7 државјани на РСМ со завршено средно образование во странство;
- 28 студенти, владини стипендисти.

### 5.2. Студенти, странски државјани

Кандидатите - странски државјани се запишуваа под истите услови и критериуми утврдени во Конкурсот за сите кандидати, во квотите утврдени за овие категории студенти.

Во трите уписни рока, беа пријавени и примени 27 студенти, странски државјани, од кои: 13 од Србија, 7 од Турција, по 2 од Косово и Казахстан, и по 1 од Германија, Хрватска и Германија.

Исто така, на Конкурсот беа запишани и седуммина студенти – иселеници и државјани на РСМ со завршено целокупно средно образование во странство, како и 28 владини стипендисти.

Во академската 2023/2024 година, во Меѓународниот семинар за македонски јазик, литература и култура при УКИМ се пријавени вкупно 28 студенти, странски државјани, за следење подготвителна настава за изучување на македонскиот јазик.

По успешно завршување на подготвителната настава и полагање на завршниот тест, кандидатите се стекнаа со сертификат за успешно положен тест по македонски јазик издаден од Центарот за тестирање и сертифицирање на македонскиот јазик како странски/втор јазик (ЦЕТИС МАК), со што стекнуваат право за пријавување за запишување на факултетите на нашиот Универзитет. Наставата за изучување на македонскиот јазик се реализира во рамките на првиот семестар од академската 2023/2024 година, односно во периодот од 16 октомври до 22 декември 2023 година. Компаративната анализа за последните пет години е дадена во следната табела.

| Академска година | Странски студенти | Стипендисти | Членови на дипломатски кор |
|---|---|---|---|
| 2017-2018 | 49 | 39 | |
| 2018-2019 | 41 | 1 | 1 |
| 2019-2020 | 54 | 16 | 1 |
| 2020-2021 | 27 | 15 | 1 |
| 2021-2022 | 34 | 32 | 1 |
| 2022-2023 | 22 | 23 | 1 |
| 2023-2024 | 27 | 28 | 0 |

## 6. Заклучни согледувања

Кога станува збор за интересот на матурантите да студираат на УКИМ, податоците за последните неколку години, до академската 2020/2021 година, покажуваа тренд на опаѓање на бројот на запишани студенти, во две учебни години и по повеќе од 700, односно 1000 студенти, но во академската 2021/2022 година, бројот на запишани студенти забележа раст од речиси 1000 студенти. Од академската 2022/2023 година, повторно се забележува тренд на опаѓање, во учебната 2022/2023 бројот на запишани студенти се намалува за речиси 500, додека во учебната 2023/2024 година овој број повторно опаѓа за речиси 300 запишани студенти.

Последните неколку години Владата на РСМ ја димензионира квотата на УКИМ за запишување нови студенти согласно нашите предлози, во ранг од 60-70 % од генерацијата матуранти, но праксата покажува дека околу 30 % од генерацијата се пријавува на УКИМ во првиот уписен рок, оваа година со најнизок просек од 29,82%. Исто така бројот на кандидатите кои во првиот уписен рок се пријавуваат на УКИМ е приближен со квотата на редовни студенти со кофинансирање.

Со цел за презентирање на високообразовната понуда, како и привлекување поголем број новозапишани студенти, УКИМ и оваа година, го организираше настанот „Отворен ден на УКИМ“ со физичко присуство, во просториите на единиците на УКИМ. Настанот се одржа на 1 декември 2023 година, во два термина, и тоа од 10:00 до 12:00 часот и од 12:00 до 14:00 часот. Преку личен контакт со раководството, наставниот кадар и студентите, идните студенти имаа можност одблиску да ги запознаат професорите, да се информираат подробно за студиските програми, можностите за стипендирање, да ги слушнат искуствата на студентите, нивните активности и вклученоста во научноистражувачките проекти, можностите за меѓународна размена, како и кариерните можности по завршување на студиите.

Активностите на УКИМ за анимирање на потенцијалните студенти од странство не се на завидно ниво. На Универзитетот треба да се отвори поширока дебата за осмислување на овие активности. Оваа година, бројот на запишани странски студенти изнесува 27, што е за 5 студенти поголем од минатата учебна година, но незадоволителен имајќи го предвид број на странски студенти од пред неколку години.

**ПРИЛОЗИ**

1. Пријавени кандидати во првиот уписен рок
2. Пријавени кандидати во вториот уписен рок
3. Преглед на запишани студенти во прва година во академската 2023/2024 година
4. Преглед на запишани државјани на РСМ на прв циклус студии во периодот 2018-2023